| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патуваме со брод |
| **Содржина на денот** | Ајде да пловиме |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Татјана Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за начинот на одржување на хигиена и здравите навики кои треба да ги практикуваме секојдневно |
| **Активности** | Летото е период од годината кога сакаме да патуваме. На ваш предлог разговарајте со детето за вашите предходни патувања кои сте ги реализирале (можете да користите фотографии) и со кое превозно средство сте го користеле за да стигнете. Доколку сте патувале со брод можете да се потсетите какво било тоа искуство. За оваа активност можете да користите играчки (брод), слики, сликовници. На почетокот го опишуваме бродот како изгледа со сите негови делови, детето може само да го опишува, разговараме за неговата употреба, за што се користи и каде се движи.<br>Потоа со дрвени боици пробуваме да го нацртаме бродот и да го обоиме. На крај може да наброите и други средства од водениот сообраќај (глисер, чамец, едрилица) да ги најдете во некоја сликовница, слики, илустрации. |